# Press release

Штедилница ФУЛМ е нов вид на финансиска институција на македонскиот финансиски пазар која работи заедно со Светскиот Совет на Кредитни Унии (WOCCU) уште од 1995 година. Почетните активности на проектот резултираа со основање на Штедилница ФУЛМ во 1999 година.
Штедилница ФУЛМ располага со 5 филијали: Централа (Скопје), Филијала Муртино, Филијала Полог, Филијала ЈСП, Филијала Тиквешија и Филијала Битола.
Целокупните активности на Штедилница ФУЛМ се остварени со финансиска поддршка од Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД) и со техничка помош од WOCCU.
Во текот на минатата година Штедилница ФУЛМ воспостави Партнерски програм со Лигата на кредитните унии на Мичиген, САД, а воедно бележи и континуирана поддршка од " Луѓе за луѓе " програмата и Светскиот Совет на Кредитни Унии.

21 Октомври е Интернационалниот ден на штедно кредитните унии.
Денес повеќе од 112 милиони луѓе, членови на повеќе од 37.000 кредитни унии во 93 држави низ светот кои го прославуваат Интернационалниот Ден на штедно кредитни унии.

Зошто овој ден е толку значаен? Кратка историја.

Некои настани во историјата на штедно кредитните движење се појавија како исклучително значајни. Така во 1840 година од Рокдал, Англија работниците и ткајачите одлучија да создадат потрошувачка заедница. Во 1852 и 1864 година, Hermann Schulze-Delitzsch i Friedrich Raiffeisen ја формираа првата вистинска кредитна унија во Германија. Ова беше патоказ за понатаму да се формираат и кредитните унии во светот.

По тој повод, Штедилница ФУЛМ како дел од големото семејство на штедно кредитни унии, во четврток 21.10.2004 во ресторан Белведере - Битола одржа прослава.

По пристигнувањето на гостите,г-ѓа Марта Ниничук - Тим лидер на WOCCU за Европа и Азија ја отвори прославата велејќи: " **Штедилница ФУЛМ покажа дека штедно кредитните унии се успешни и потребни финансиски институции за Македонија ".**
Свое обраќање до гостите имаа и претставници на УСАИД Мисијата во Македонија, Проф. Д-р Јорде Јакимовски и Г-дин Стево Андровиќ.
Потоа г-ѓа Марта Ниничук ги врачи сертификатите и тоа: на Г-н Васил Петровски, раководител на филијала Битола, за високо остварените перформанси на филијалата во изминатите 3 години од постоењето на филијалата; на Г-ѓа Марија Цветковиќ, раководител на филијала ЈСП, за придонесот, подршката и учеството во остварување на истакнатите резултати во 2004 год.; на Г-ѓа Зора Саботиновска и Г-н Славе Крстевски за ентузијазмот во развојот на штедно-крдитното движење во битолскиот регион.
**Со посебно задоволство Штедилница ФУЛМ го претстави и својот 4000-ти член, Г-ѓа Ленча Еленова од филијала Тиквешија.**

Денес Штедилница ФУЛМ брои 4070 членови кои ги користат услугите на штедење во домашна валута и услугите за кредитирање .Во моментов Штедилница ФУЛМ има повеќе од 1 милион ЕУР штедни влогови и реализирано над 2 милиони ЕУР кредити.